| 5. | Изготвување на протокол за однесување во случај на елементарна непогода | Ноември | Училишен тим за прва помош и заштита | За сите присутни во училиштето | Во случај на елементарна непогода, учениците и вработените да ја знаат својата улога и место и да се однесуваат според пропишаните правила од протоколот |
| 6. | Обележување на сите потенцијално опасни места во училиштето и училишниот двор | Континуирано | Домаќинот на училиштето<br>Хаусмајсторот<br>Технички персонал | За сите присутни во училиштето | Спречување на несакани незгоди и повреди |
| 7. | Симулација на елементарна непогода | Јуни | Училишен тим за прва помош и заштита | За сите присутни во училиштето | Учениците и вработените ќе увежбуваат однесување при елементарна непогода |

**План на просториите за евакуација**










**18. Грижа за здравјето**

**18.1. Хигиена во училиштето**

Здравје е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци.

Имајќи го во предвид доброто здравје и општата благосостојба на вработените и учениците, училиштето пред почетокот на годината ги прави сите неопходни активности за чистење и дезинфекција на просторот. Во текот на реализирање на наставата техничкиот персонал е задолжен за организација и реализација на активностите поврзани со чистење и одржување на просторот. Континуирано во текот на целата учебна година се обезбедуваат неопходни средства за чистење и дезинфекција на просторот како и средства за лична хигена.

Во соработка со други релевантни институции, наставницитесо своите ученици работат превентивно на оддржување личната хигена и хигиената во училиштето.

**18.2.Систематски прегледи**

Секоја година за учениците од прво ,трето, петто и седмо одделение се реализиратт систематски прегледи според распоредот од Здравен дом -Кочани додека за вработените се организираат систематски прегледи секоја втора година. Санитарни прегледи за вработените се организираат пред почетокот на секоја учебна година.

**18.3.Вакцинирање**

При самиот упис на децата во прво одделение задолжително се приложува потврда за уредно примени вакцини издадена од одделение за вакцини при Здравен дом-Кочани. Понатаму според календарот за имунизација даден од Министерство за здравство во текот на учебната година сите ученици коишто на поканата од Службата за вакцинација доставена на домашна адреса на ученикот, поради било која причина не се појавиле во предвидениот термин за вакцинирање дополнително се известени од стручната служба во училиштето според даден распоред од Служба за вакцинација и истата се реализира надвор од училиштето поради можност од несакани ефекти.

Согласно препораките на СЗО најголем дел од вработените ја примија вакцината против Ковид 19.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Преку работилници, предавања од страна на наставниците и др. релевантни институции со учениците се работи на подигање на свеста за здрава храна, како здраво да се хранат и избегнување на последиците од конзумирање на храна која штетно влијае врз младиот организам. Училиштето нема организирано оброк за учениците во училиштето.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Училиштето работи на подобрување на училишната дисциплина на сите субјекти во ВОП. Секоја учебна година одделенските раководители ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Изготвен е Интерен

правилник за однесување на ученици, наставници и родители и за дежурства. Кодекси на однесување се поставени во училишните холови.

Должностите на Дежурниот наставник се утврдени во интерен Правилник за дежурство на смена. Наставниците се должни на време да го започнуваат наставниот час, да не го напуштаат предвреме часот и за секое напуштање или не доаѓање на час на време да го известуваат директорот на училиштето.Одделенските книги (дневниците) за на час ги носат наставниците, задолжително се придржуваат на распоредот за дежурства, а исто така се должни да се грижат и за нагледните средства и техничките помагала, а дневниците задолжително по завршувањето на наставата да се оставаат во наставничката канцеларија. Дневниот одмор наставниците ќе го користат за време на големите одмори.

| **Распоред на дежурство за предметна настава**<br>**(во услови на настава со физичко присуство)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **КАТ** | **ПОНЕДЕЛНИК** | **ВТОРНИК** | **СРЕДА** | **ЧЕТВРТОК** | **ПЕТОК** |
| **ПРИЗЕМЈЕ** | Сања Атанасовска<br>Вера Шеќероска | Теодора Христова<br>Гордана Јефтимова | Сузана Анева<br>Ванчо Манасиев | Љупка Стојменова<br>Даниела Димитрова | Сашка Ефтимова<br>Благој Гранков |
| **ПРВ КАТ** | Марија Димитрова | Јасна Горгиева | Радмила Едровска<br>Сашко Данилов | Марија Дончева | Ангелина Катмерова |
| **ВТОР КАТ** | Весна Б. Василева<br>Јулијана Стоилкова | Ирена П.Крстова<br>Стојка Савева | Бранка Тасевска<br>Иванка Манева | Весна Д.Лазарева<br>Лујза Јанева | Сашко Стефановски |

Дежурни наставници за спортската сала се назначени наставниците по ФЗО: Оливер Јовановски, Владо Андов, Александар Андов и Андон Јанков.

Хигиеничарите дежурат по ходниците и санитарните јазли согласно смените и распоредувањето по катови. Одговорен за дисциплината и хигиената во училишниот двор – Дарко Максимов.

| **Распоред на дежурство за одделенска настава** |
|---|
| **(во услови на настава со физичко присуство)** |

| КАТ | ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИЗЕМЈЕ** | Марина Христова | Валерија Јакимова | Билјана Кикенска | Јасмина Димитрова | Анкица Манасиевска |
| **ПРВ КАТ** | Ванчо Минов | Светлана Крстева | Николина Грчева | Драган Кузмановски | Јулијана Стоилкова |
| **ВТОР КАТ** | Весна Божинова | Соња Костадинова | Ката Синадиновска | Благојчо Стојановски | Христина Трифунова |

Секоја промена на распоредот, меѓусебни замени на часовите меѓу наставниците или промена на училница претходно треба да се најави кај директорот на училиштето.Секој наставник е должен да биде присутен во училиштето во периодот определен за прием на родители, а истиот е истакнат на огласната табла за родители во училиштето.- На секој кат има отворен дневник за евидентирање на недисциплина, оштетен училишен инвентар од страна на дежурниот наставник.

| **Акционен план за подобрување на училишната дисциплина** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебна година | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебната година | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на ученичкиот парламент | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Училишната заедница и претседателите на УЗ на паралелките | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за | Развивање самокритичност и одговорност кај | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | | | однесување кај учениците и вработените |

***Критериуми за успех*** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на  дежурните наставници, намален број  изречени педагошки мерки за учениците

***Инструменти*** – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници

***Индикатор за успешност*** – намален број советувања на ученици и родители

***Одговорен за следење*** – директор, одделенски раководители, стручни соработници

***Повратна информација***

-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата

-почитување на правилата на однесување во училиштето

-намален број на изречени педагошки мерки за учениците

-намален број на повикани родители на советување

-одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, иконографии и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивномаксимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Затоа на истото му се посветува доволно внимание.

Тим за Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Радмила Едровска, Теодора Христова, Гордана Јефтимова, Верица Ѓорѓова, Билјана Пулковска и ученици доброволци од ученичкиот парламент. Време на реализација – континуирано

согласно потребите и можностите на училиштето (по повод: Велигден, Нова година, дена на жената, априлијада, халовин, пролетно, есенско и зимско уредување).

***Критериуми за успех*** – естетски уреден ентериер и опкружување

***Инструменти*** –анкетни прашалници за родителите и учениците

***Индикатор за успешност*** – записници од увиди на инспекторите од МОН и Секторот за образование при Гази Баба, позитивни искази од ученици и родители и од локалната заедница

***Одговорен за следење*** – директор, тим за еколошка едукација и тим за естетско уредување на училиштето

***Повратна информација***

-естетско уредени училници и ходници во училиштето;

- развиени естетски вредности кај учениците;

- функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето;

- развиена еколошка свест и претприемнички вештини кај учениците

| Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставниците и учениците | На почетокот и во текот на целата учебна година | Одбележани значајни датуми и поводи |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Поттикнување на учениците за творење | Одговорни наставници<br>ученици | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Естетско уредени училници и ходници во училиштето<br>Развиени естетски вредности кај учениците |
| Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието | Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците | Наставници<br>Ученици<br>родители<br>стручна<br>служба | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите<br>Развиени претприемачки вештини |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор | Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање | Одговорни наставници и учениците | Октомври , март | Развиена еколошка свест кај учениците |

**19.3.Етички кодекси**

Етичките кодекси на сите субјекти вклучени во ВОП се поставени на видно место во училиштето со тенденција истите да се почитуваат.

Во училиштето се изработени кодекси на однесување за:

- Етички кодекс за наставниците ;
- Етички кодекс за учениците ;
- Етички кодекс за родители ;
- Етички кодекс за останатите вработени ;
- Еко кодекс.

**19.4.Односи меѓу сите структури**

Училиштето организира активности (еднодневни дружења, излети, прослави, коктели) за подобрување на комуницијата и пријателски односи на сите структури во училиштето.

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него: Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница – ученички парламент, Стручни активи. Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети,излети, коктели, полуматурски забави и сл.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес кој започнува со учество на наставникот во Стручните активи каде се разменуваат искуства и нови сознанија.

Училиштето учествува во работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Притоа се спроведува идентификација на моменталната сосотојба, детектирање на приоритети преку споведената самоевалуација на училиштето, дисеминација од претходно проследените семинари или проекти, а исто така се врши евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаен дел земаат анкети, советуваања од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од област на образованието.

Потребите и приоритетите за професионален развој на наставниот кадар се детектираат преку снимање на моменталната состојба, анкети, приоритети кои произлегуваат од самоевалуација на училиштето, извештаи од реализирани посети на часови. Последната интегрална самоевалуација на училиштето беше реализирана во учебната 2016/17 година, училиштето беше вреднувано со оцена 3 (три).

### 20.2.Активности за професионален развој

Целта на активностите за професионален развој на наставниците подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој – услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот постојано да ги развива своите компетенции со цел да достигне и одржи висок квалитет на

наставата во согласност со современите трендови и барања.

| Програма за професионален развој | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Посета на задолжителни семинари организирани од МОН и БРО | Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности | Наставници Директор ППС | Во текот на учебната година | Стекнување на нови знаења од страна на наставниците |
| Тимска работа | Запознавање со принципите на тимската работа и улогата во тимовите | Наставници Директор ППС | Во текот на учебната година | Подобрување на училишната клима и квалитетот на воспитно образовниот процес преку примена на принципите на тимското работење |
| Посета на семинари/обуки и реализација на дисеминации | Оспособување на образовниот кадар за имплементација на стекнатите знаења и искуства | Наставници Директор ППС | Во текот на учебната година | Здобивање знаења и компетенции од одредена област |
| Водење на професионално досие и педагошки картон | Перманентно следење на професионалниот развој | Наставници Директор ППС | Во текот на учебната година | Мотивиран образовен кадар за сопствен професионален развој |
| Самостојно следење на стручна и прирачна литература | Личен професионален развој | Наставници Директор ППС | Во текот на учебната година | Мотивиран образовен кадар за сопствен професионален развој |

### 20.3. Личен професионален развој

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучено во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионален развој , секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати , како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес. Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од учениците, план за личен професионален развој. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионалниот развој, евидентирани посети од советници. Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално

искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година. Во текот на наставната година се реализираат посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот реализира консулатција со тимот кој го посетил (директор, ППС ) и притоа му се укажува на јаките и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите.

### 20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се одвива преку хоризонтално учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето и помеѓу повеќе училишта.За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец..

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Наставниците може да напредуваат во звања: категорија наставник се добива со полагање на стручен испит за наставник,

Наставник може да напредува возвање наставник – ментор, доколку има најмалку седум година работно искуство како наставник, е вработен на неопределено работно време и ги исполнува стандардите за наставник – ментор,

Наставник ментор може да напредува во звање наставник советник доколку има најмалку девет година работно искуство ,најмалку девет години работно искуство, од кои три години во звање наставник ментор и ги испополнува професионалните стандарди за наставник советник,

Исполнетоста на овие стандарди ја проверуваат комисии формирани од министерот, Стручните соработници во основните училишта може да напредуваат во звања стручен соработник, стручен соработник - ментор, и стручен соработник – советник.

Според Законот за основно образование и Законот за наставници, секој наставник кој е на неопределено време и има 7 год работен стаж како наставник, има можност да биде унапреден во звање наставник-ментор, а подоцна и во наставник – советник. За таа цел, оваа година за првпат, од страна на МОН, на 04.01.2021год беше објавен јавен повик до наставниците. На повикот се бараше да се пријават сите наставници кои ги исполнуваат условите и во својата електронска апликација на системот за кариерно напредување да ги закачат доказите за професионален развој. Од страна на комисија, формирана од МОН, беше извршено бодирање на доказите и оние наставници со добиени најмалку 45 бода ја поминаа таа прва фаза.

Во втората фаза, од страна на советник од БРО, се проверуваше исполнетоста на професионалните стандарди од наставната пракса. И во овој дел наставникот требаше да добие најмалку 45 бода.

По завршувањето на овие две фази, последно бодирање беше извршено и од страна на директорот на училиштето и тимот за професионален развој.

По сумирањето на сите бодови, во почетокот на месец јуни, за своите постигања беа известени прворангираните кандидати од секое училиште, а подоцна и раководителот на училиштето.

Од нашето училиште, унапредена во звање наставник ментор е Сашка Ефтимова-наставник по математика.

.

| **Акционен план** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставен кадар ППС | Во текот на учебната година | Адекватен избор на форми, методи, техникии наставни средства |
| Размена на искуства на добри практики | Споделување искуства | Наставен кадар ППС | Во текот на учебната година | Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Организирање на дебати, панел дискусии, презентации и слично, на кои ќе се разгледуваат теми од образованиетово училиштето или во соработка со другите училишта од општината | Споделување искуства, навремено информирање | Наставен кадар ППС | Во текот на учебната година | Следење и имплементација на образовните реформи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатува ње на ресурсите за реализира ње на наставнит | Наставен кадар ППС | Во текот на учебната година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |
| План за личен професионален развој | Кариерен развој | наставник | Во текот на учебната година | Следење и имплементација на образовните реформи |
| Работа со наставници приправници – Менторирање | Оспособу вање на наставниц ите за самостојн а работа | Наставен кадар ППС | Во текот на учебната година | Подобрена тимска работа меѓу наставниците |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во животот и работата на училиштето семејството се вклучува како партнер кое дава свои сугестии и мислења. Родителите-старатели дејствуваат преку Советот на родители со програма во која има содржини за реализација во текот на целата учебна година каде се запознени со состојбите и донесените одлуки од страна на училиштето.

Училиштето е отворено за родителите исто така родителите кога имаат потреба се обраќаат кај одделенските раководители, стручните соработници и директорот. Постои распоред за прием на родители за наставниците каде наставниците секоја седмица 1 час седмично се во училиштето за прашања на родителите од наставата и за помош и поддршка на учениците,истиот е истакнат на огласна табла за родители во училиштето.

Родителите постојано се вклучени во ВОП, помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства, во зависност од нивните професионалности се вклучуваат во наставниот процес – наставни содржини, во планирање на ученичките екскурзиии, новогодишни и велигденски приредби, манифестации и хуманитарни акции.

Родителите преку Советот на родители се инфорирани и се зема предвид нивниот став за одлуките кои ги донесува училиштето. Исто така тројца претставници од Советот на родители се членови во Училишниот одбор на училиштето и учествуваат во донесување на

значајни одлуки за училиштето. Учествуваат во формирање комисии, одлуки од суштинско значење за квалитетно одвивање на наставниот процес.

Активностите на советот на родители ќе бидат насочени кон: вклученост на родителите со постојано информирање за наставниот процес; донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето; семејствата да помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства, да помагаат во професионалната ориентација на учениците; вклученост на родителите во воннаставните активности, натпревари, екскурзиии, приредби, манифестации.

| Термини за средби со родителите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | **Име и презиме на наставникот** | **Предмет кој го предава** | **Ден** | **Време** | |
| | | | | **1 смена** | **2 смена** |
| 1. | Гордана Јефтимова | Македонски јазик | Вторник | 9:15-10:00 | 14:45-15:25 |
| 2. | Љупка Стојменова | Македонски јазик | Четврток | 8:15-9:15 | 13:50-14:25 |
| 3. | Сања Атанасовска | Македонски јазик | Петок | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 4. | Марија Дончева | Англиски јазик | Четврток | 9:20-10:00 | 14:40-15:20 |
| 5. | Теодора Христова | Англиски јазик | Вторник | 9:15-10:00 | 14:45-15:25 |
| 6. | Јулијана Стоилкова | Англиски јазик | Петок | 12:15-13:00 | 17:40-18:10 |
| 7. | Драган Кузмановски | Англиски јазик | Среда | 10:45-11:25 | 16:10-17:00 |
| 8. | Николина Грчева | Англиски јазик | Среда | 10:45-11:25 | 16:45-17:20 |
| 9. | Марија Димитрова | Германски јазик | понеделник | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 10. | Сашо Данилов | Германски јазик | понеделник | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 11. | Сашка Ефтимова | Математика | Петок | 8:30-9:00 | 14:00-14:30 |
| 12. | Благој Гранков | Математика | Вторник | 8:10-9:00 | 13:50-14:25 |
| 13. | Вера Шеќероска | Математика | Петок | 9:20-10:00 | 14:40-15:20 |
| 14. | Ирена П. Крстова | Физика,математика, при.науки | Вторник | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 15. | Весна В. Богданова | Хемија и природни науки | понеделник | 9:15-10:00 | 14:45-15:25 |
| 16. | Иванка Манева | Биологија и природни науки | понеделник | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 17. | Јасна Ѓоргиева | Информатика | Среда | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 18. | Лујза Јанева | Историја | Вторник | 10:00-11:00 | 15:30-16:30 |
| 19. | Ванчо Манасиев | Историја и географија | Вторник | 10:00-11:00 | 14:00-15:00 |
| 20. | Сашко Стефановски | Географија | Четврток | 9:15-9:55 | 14:45-15:25 |
| 21. | Стојка Савева | Граѓанско образование | понеделник | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 22. | Сузана Анева | Техничко образование | Среда | 7:00-9:00 | 13:00-15:00 |
| 23. | ВикторијаС.Велински | Етика | Среда | 10:45-11:25 | 16:10-17:00 |
| 24. | Даниела Димитрова | Етика во религиите | четврток | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 25. | Ангелина К.Алексова | Музичко образование | Среда | 8:15-8:55 | 13:45-14:25 |
| 26. | Радмила Едровска | Ликовно образование | Среда | 10:45-11:25 | 16:15-16:55 |
| 27. | Бранка Тасевска | Иновации | четврток | 10:00-10:40 | 15:30-16:10 |
| 28. | Владо Андов | ФЗО и изборен спорт | Петок | 8:15-8:55 | 13:45-14:25 |
| 29. | Александар Андов | ФЗО и изборен спорт | понеделник | 8:00-8:40 | 15:30-16:15 |
| 30. | Оливер Јовановски | ФЗО | Вторник | 8:10-8:55 | 14:10-14:45 |
| 31. | Андон Јанков | ФЗО | Среда | 8:10-8:55 | 14:10-14:45 |
| 32. | Весна Лазарева | Биологија | Вторник | 9:15-10:00 | 14:45-15:25 |

**21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности**

Родителите активно учествуваат во речиси сите активности во училиштето во кои е предвидено нивно учество, на пример: избор на учебници, избор на изборни предмети, во организација на хуманитарни акции, во спортски натпревари, пречек на делегации важни за училиштето, во организирање и реализирање на активности за разубавување на училишниот двор и училниците и сл.

Искуствата досега покажуваат дека родителите реагираат на обемните по наставни предмети. Во делот на наставата во текот на целата учебна година дел од нив се вклучуваат како помош на наставниците во изработка на наставни средства.

*Прилог :Програма за работа на совет на родители.*

**21.3. Едукација на родителите/старателите**

Во текот на учебната година се реализираат советувања за родители како облик на едукација на семејството, чии ученици се нередовни на настава, покажуваат слаб успех и непримерно се однесуваат во училиштето.

Едукацијата на семејството се прави на родителски средби со теми кои ги наметнуваат одделенските раководители според условите и потребите.

Педагошко психолошката служба во соработка со ДПИ врши едукација на семејствата преку родителски советувања и родителски средби.

План за едукативни работилници на родители/старатели:

- ✓ Советување на родители/старатели на ученици со поголем број на изостаноци, слаб успех, несоодветно однесување. Истите се информираат писмено, според однапред изготвен план, неделно и месечно ниво;
- ✓ Информативни едукативни средби со родители/старатели за начинот на работа и организација на училиштето, најмалку пет средби во текот на уч.година, преку брошура за родители на почетокот на уч.година;
- ✓ Едукативна работилница за превенција од насилство во текот на учебната година;
- ✓ Работилници по повод уредување на училишни холови, училници и новогодишен хепенинг;

Планираните активности се финансираат од сопствени училишни средства, спонзорства од бизнис сектор и родителите.

*Во прилог план на активности со родители*

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

**Соработка со другите основни училишта на локално ниво и пошироко**

- Размена на искуства во однос на работата на училиштето;

- Соработка со училиштата во однос на: запишување/отпишување на ученици;
- Заеднички проектни активности;
- Организирање на културни, спортски и општо корисни меѓу училишни активности.

**Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население)**

Согласно Годишната програма на училиштето, Наставните програми и тековните активности на општината, училиштето континуирано ќе соработува со локалната заедница.

**Институции од областа на културата**

Целта на ова подрачје е да се анимира и да се стави во педагошка функција се што може да се понуди во локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи во училиштето, како и на подигнување на културно-образовното ниво наместното население.

Активности кои ќе се реализираат во соработка со институции од областа на културата:
- Посета на театарски претстави во Домот на културата „Бели мугри“;
- Посета на Саем на книгата во матичната библиотека „Искра“;
- Посета на Новогодишен концерт во организација на ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани;
- Посета на ликовни изложби во културните институции во општината;
- Учество на културни и забавни манифестации во организација на општината.

Носители на наведените активности ќе бидат учениците, одделенските и предметните наставници.

**Институции од областа на образованието**

Соработката со БРО, ДПИ и МОН е континуирана во поглед на навремена информираност за сите измени и дополнувања во наставните содржини, Барање мислења, совети и препораки за реализирање на што поквалитетна настава од релевантните образовни институции, уредно водење на педагошката евиденција и документација, фонд на часови, изборна настава, организирани семинари и состаноци.

Носители на наведените активности ќе бидат директорот, стручната служба и наставниците.

**Невладини организации**

За успешна реализација на предвидените тековни активности и приоритети, училиштето пројавува интерес за соработка со невладини организации, фондации, бизнис секторот и сл. Во текот на учебната година ќе се реализираат активности во соработка со невладини организации и нивните критериуми за соработка.

**Спортски друштва**

Нашето училиште предводено од тимот на наставници по Физичко и здравствено образование во соработка со Сојуз на училиштен спорт – Кочани и Федерацијата на училишни спортови на Македонија организира: проектни активности, училишни натпревари во шах,

кошарка, мал фудбал и ракомет. Согласно насоките на МОН училиштето има формирано Училишен спортски клуб –Барни, со кој работат наставниците по ФЗО од училиштето и со тоа го зајакнуваат спортскиот дух кај учениците. Училишната спортска сала училиштето ја издава за користење на спортски друштва од општината.

**Здравствени организации**

Со цел зголемување на свеста и грижата за здравјето на учениците училиштето соработува со медицинскиот центар од Кочани и ХЕС. За вработените во училиштето во месец август е планиран санитарен преглед.

Активности кои ќе се спроведуваат во соработка со здравствените институции:

- Вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на ХЕС во училиштето.
- Доставување податоци за учениците на барање на Одделението за имунизација и систематски прегледи при Општа болница Кочани;
- Вакцинирање на учениците според календарот за имунизација;
- Спроведување систематски прегледи на учениците;
- Стоматолошки прегледи кај учениците;
-Соработка со здравствен санитарен инспекторат.

Истите ќе се реализираат во текот на учебната година, во договор со Општа болница Кочани. Носители ќе бидат директорот, стручната служба, наставниците, учениците и останатите вработени во училиштето.

**Медиуми**

Се со цел промоција на нашето училиште и афирмација на училишни активности (патронен празник, прием на првачињата во Детската организација, Денови на оризот, денот на шегата, ден на екологијата, проектни активности, новогодишна забава...), постигањата на учениците и училиштето, на локално, регионално, државно и меѓународно ниво, училиштето соработува со следниве медиуми: ТВК –Кочани, Канал 8, Радио Кочани, Инфо Кочани, училишен весник - Училишен глас, facebook страната на училиштето и ново креираниот училишен веб сајт.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Планирање и подготовка и реализација на сите нивоа | Следење на планирањата и реализација на истите | Директор<br>Стручни соработници | Сите вклучени во ВОП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подобрување на просторно техничките услови за стимулатива училишна средина:<br>*-уредување на училници,*<br>*-медијатека,*<br>*-зголемена нагледност во наставата,*<br>*-реновирање на кров, фасада*, | -утврдување на фактичка состојба, обезбедување насредства ,<br>Изготвување на проект и следење на имплементација на истиот,изготвување на извештај за реализија на истите во текот на учебната година | Директор, технички персонал, наставен кадар | Сите вклучени во ВОП |
| Настава<br>Инклузивно образование:<br>*-Развивање на знаења и способности*<br>*( професионален развој на наставниот кадар и стручната служба),*<br>*-Поддршка на учениците и наставниот кадар,*<br>*-Партнерска соработка за поддршка на инклузивното образование.* | Изготвување на извештаи од реализираниактивности(обуки,презентации..),следење на настава, озвешјат од посетени часови,во текот на учебната година | Директор, стручна служба, инклузивен тим, наставници родители | Сите вклучени во ВОП |
| Континуирано следење, на успехот, оценувањето и постигањата на учениците | Посета на часови примена на модел на следење на часови,<br>Усни и писмени испитување,практична работа | Одделенски и предметни наставници, советници од БРО, директор, стручна служба | Наставнички совет,<br>Родители,<br>Ученици |
| Перманентно и стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар | Состаноци на стручни активи,потворени часови, обуки,самообразование | Стручни активи директор | Наставници |
| Водење на евиденција и документација | Седење на водење на евиденција и документација | Директор, Стручна служба ДПИ, БРО | Наставнички совет |
| Реализација на годишна програма | Состаноци, анализа на извештаи | Директор,Стручна служба | Училишен одбор,<br>Совет на родители, наставнички совет, Локална самоуправа |

**28.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште**

За спроведување на евалуација на годишната програма формирани се тимови од наставници по подрачја со назначени координатори.

Со цел утврдување на јаки и слаби страни и добивање на валидни индикатори, користени се инструменти за спроведување на евалуација по подрачја.

Соглано добиените податоци, се дефинирани приоритетни подрачја за промени, со донесени предлог мерки – препораки за подобрување на квалитетот на наставата и просторно техничките услов како неопходен фактор за квалитетна настава. Изготвување на нацрт извештај од спроведената евалуација и надополнување на истите со предлог мислења и сугестии од страна на наставнички совет, училишен одбор.

**29.Заклучок**

Годишната програма за работа на училиштето е суштински документ кој треба ефикасно да не води при реализација на планираните глобални активности ефикасно следење на сите субјекти во воспитно образовниот процес и има општо насочувачки карактер.

За секое подрачје од дејноста се изработени подетални планови и програми, со дефинирани активности, цели, носители, методологија и индикатори за реализација на истите кои се   во прилог на  програмата.

Програмата е отворена за нови идеи, програми, проекти и друго кои ќе водат кон унапредување на воспитно образовната дејност на училиштето.

Годишната програма е изработена врз основа на програмата за развој на училиштето, извештајот од претходната учебна година, измени и дополнувања доставени од надлежни институции.

Планираните активности се согласно наставниот план и друга воспитно образовна работа во училиштето.

Родителите и учениците преку брошура се запознаваат со одделени делови од годишната програма.

**30. Користена литература**


- Законот за основно образование

- ,,Основи за програмирање на воннаставната воспитно образовна дејност на ОУ и работата на стручните соработници

- Прирачници


**31. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

Биљана Петрова – директор

Верица Ѓорѓова – педагог

Билјана Пулковска - психолог

Потпис на директор

Август, 2021

__________________

Биљана Петрова

Потпис на претседател
на Училишен одбор

М.П

___________________

Димитар Тодоров

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

*Програма за работа на директор*
*Програма за работа на педагог*
*Програма за работа на психолог*
*Програма за работа на училишен одбор*
*Програма за работа на наставнички совет*
*Програма за работа на Совет на родители*
*Програма за соработка на училиштето со родителите*
*Програма за работа на стручни активи во предметна настава*
*Програма за хор и оркестар*
*Програма за работа на стручни активи во одделенска настава*
*Програма за работа на ученички парламент*
*Програма за професионален развој на наставен кадар*
*Програма за работа со ученици со ПОП*
*Програма за работа со ученици со потешкотии*
*Програма за професионална ориентација на учениците*
*Програма за работа со ученици со поголеми можности за развој и напредување*
*Програма за антикорупциска едукација на учениците*
*ЕКО програма*
*Програма за работа на инклузивен тим*

*Програма за следење на постигањата на учениците*
*Програма за заштита од физички повреди и елементарна непогода*
*Програма за заштитаи превенција од болести на зависност*
*Програма за унапредување на МИМО во образованието*
*Програма за  работа на училишна библиотека*
*Програма за самоевалуација на училиштето*
*Програма за ученички натпревари*
*Програма за додатна настава*
*Програма за дополнителна настава*
*Програма за посета на часови*
*Програма за соработка со локалната заедница*
*Програма за општествено хуманитарна работа*
*Програма за јавна и културна дејност на училиштето*
*Програма за грижа за здравјето на учениците*
*Програма за заедничка грижа за правилно насочување на учениците*